# I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Фундаменталните промени што настанаа и континуирано настануваат во нашиот општествено - економски развој, како резултат на длабоката општествено - економска и политичка реформа, потрекепена со законска регулатива, условија крупни промени и во сферата на банкарскиот систем и неговото функционирање.

Ваквите реформски промени, беа резултат на долгогодишното неврамнотежено функционирање на стопанскиот, а во тој контекст и на банкарскиот систем. Имено, евидентираните резултати во стопанската, па и во финансиската сфера ургентно ја наметнаа потребата за напуштање на договорната економија и концептот на сопственичкиот монизам и преминување кон нов пазарен концепт чии основни постулати се плурализам на сопственоста, со доминантен нагласок на приватната сопственост политички плурализам, прептприемаштво, менаџмент, профитот, акционерството, пазарот на пари и капитал, и тн.

Трансформациите во сферрата на банкарскиот систем, како дел на целокупниот општествено - економски систем, се резултат, пред се, на промените што настанаа и континуирано настануваат во поранешните социјалистичките земји од Источна Европа, па во тој контекст и во поранешна Југославија.

Имено, со напуштањето на социјализмот како идеологија и

со желбата да се премине во пазарна економија, како неминовност се наметна потребата од трансформација на банкарскиот систем во сите досегашни социјалистички земји.

Сите промени што се случуваа во источноевропските земји се манифестираа и во поранешна Југославија, но со такво темпо што предизвикаа своевидна анархија и хаос.

Затекнатите состојби во сите општествени сфери, во тој контекст и во монетарната сфера, беа последица, пред се, на поранешниот стопански систем што егзистираше врз неекономски а не и пазарни законитости.

Пазарната концепција, инаугурирана со Законот за претпријатијата, Законот за банките и другите финансиски организации, потоа со активностите за монетарното осамостојување на Република Македонија, Уставот од 1991 год., Законот за Народната банка на Република Македонија, Законот за паричната единица на Република Македонија, Законот за употерба на паричната единица, Законот за банките и штедилниците, Законот за подмирување на дел од обврските на Стопанска банка и Југобанка и другите системски закони, мерки и активности, покрај другото на преден план ја наметна и реформата на бнкарскиот систем, без чие остварување не можи да се пристапи кон воспоставување на пазарниот механизам и економските законитости во работењето на банките.

Реформата во бнкарскиот систем наметнува и нови правила во водењето на деловната политика во банките заснована, пред се, на економски критериуми и финансиски начела, како во поглед

на активните, така и во поглед на пасивните банкарски работи. Овде, со право, треба да се потенцира мислењето на низа автори коишто тврдат дека без ефикасно банкарско работење не може да се замисли ни ефикасно стопанство, ниту меѓународна поделба на трудот и подобрување на билансните позиции на било која национална економија.

Реформата на стопанскиот и банкарскиот систем поаѓа, пред се, од потребата за создавање такви општи пазарни организациони услови на работење што ќе обезбедат поцелосна економска и финансиска самостојност на стопанските и банкарските субјекти.

Целосната економска организационо - деловна и развојна самостојност на банките, секако ја опфаќа и нивната одговорност за постигнатите резултати од работењето. Спрема тоа секоја банкарска организација треба самостојно да ја концепира и реализира својата деловна и развојна политика во согласност со правилата на слободната пазарна конкуренција.

Во пазарни услови на стопанисување, основните функции на банките се насочени кон формирање адекватен финансиски потенцијал, оптимализација на агрегатната и структурната алокација на кредитите, оптимална организација на паричните трансфери, обезбедување финансиски услуги и поврзување на домашниот со меѓународниот финансиски систем и сл.

Позицијата и улогата на банките во процесите на пренасочување на општествената акумулација и финансирање на стопанството е определена со институционалните, економско - финансиските и организационите перформанси на макроекономскиот

и монетарно - банкарскиот систем.

Доколку се прифати концепцијата дека банките навистина се автономни деловни субјекти и финансиски организации, тогаш ефикасноста на банкарското работење, во голема мера ќе зависи од поширокитe економски и финансиски перформанси на конкретната пазарна економија. Тука, во прв ред, го имаме предвид достигнатото високо ниво на национална заштеда, задоволувачкото ниво на самофинансирање на стопанските субјекти, конзистентниот монетарен и цврстиот финансиски систем и адекватна инвестициона политика. Во вакви услови и со вакви перформанси банките имаат широк маневарски просторе за оптимализација на изворите и пласманите и постојано подобрување на перформансите на инвестиционото вложување. Ваквите поставки секуларно се потврдуваат во банкарството на развиените пазарни економии.

Во овој контекст сосема слободно може да се заклучи дека банките во иднина ќе имаат поголема улога во поглед на апсорбирањето на слободната општествена акумулација и поголемо учество во филтрирањето и надзорот над користењето на кредитните ресурси, заради што се поставува клучното прашање за одржување на високото ниво на ефикасност во нивното работење.

Врз основа на ова изложување можам да констатирам дека банките, освојувајќи го централното место во рамките на националниот финансиски систем, во последниве триесетина години имаа растечка и значајна улога во меѓународното финансирање, особено во земјите во развој и средно развиените земји. Така, во периодот од 1960-80 год., во рамките на пазарот што го следи

Меѓународната банка за пресметка во Базел стапката на пораст на бруто банкарските кредити изнесуваше 25%. Што се однесува до меѓународните финансиски текови може да се истакне дека банкарските кредити претставуваат повеќе од половина од нивниот потенцијал, при што преовладуваат среднорочните и доглорочните кредити.

За да се истакне улогата на банките за развитокот на секое национално стопанство, како пример, ќе ја наведам долготрајната и длабока економска криза којашто ја зафати поранешната југословенска економија во последните децении, што е основен показател дека економската неефикасност во стопанството не може да се реши без спроведување на сеопфатна и темелна реформа на банкарскиот систем.

Акцептирајќи ја целосно пазарната концепција на стопанисување, насочена кон зголемуивање на ефикасноста на стопанските, и не само на стопанските субјекти, како и согледувајќи ги досегашните проблеми, се доаѓа до констатацијата дека кај нас банките сеуште не ги прифатиле пазарните, односно профитабилните принципи на работење.

Ова се потврдува со фактот дека и покрај сите поттикнувачки фактори и општествени определби, потенцирани со реформските и другите зафати за интензивирање на процесите за реорганизирање на банките и нивно прилагодување за пазарно работење и спроведување на пазарната деловна политика, сепак, во практиката, не заживејаа целосно таквите интенции. Имено, на преден план може да се истакне дека сеуште изостанува

принципот на самостојност на деловните банки во спроведувањето на деловната политика во пазарните услови на работење.

За да се заокружи нивната економска и финансиска самостојност како ургентно и врз објективни основи, се наметнува решавањто на сопственичкото и статутарно трансформирање на банките од банки во општествена сопственост во банки на акционери односно акционерски друштва.

Приодот кон ваквата сопственичка и организациона трансформација на банките и ефикасно водење на нивната деловна политика поаѓа од претпоставката дека трансформираните банки ќе го зголемат степенот на одговорност и ќе придонесат за сеопфатната мобилизација и пласирање на финансискиот капитал во профитабилните проекти и успешните стопански субјекти. Тука, како најдоминантен и селективен критериум во нивното работење, се наметнува профитот.

Покрај ова од друга страна терба да се истакне дека за функционирање на пазарно ориентираните банки предуслов е и постоењето т.е. функционираењто на пазар на капитал којшто ќе обезбедува автоматска пазарна контрола на финансиските перформанси на банките. Ова, практично, значи дека резултатите од работењена банките непосредно ќе се одразува и врз цената на акциите на банката. Така, пазарот на капитал ќе дава брзи сигнали во поглед на квалитетот на работењето на банките и промента на тенденцијата на таквото работење.

Имајќи ги предвид претходно наведените проблеми во концепирањето и остварувањето на деловната политика во нашите

деловни банки и нејзиното влијание врз севкупниот општествено - економски развој, на Република Македонија како монетарец којшто повеќе години минав во практика а сега како универзитетски работник - наставник бев поттикнат и мотивиран, од научен и практичен аспект да ги истражувам факторите и критериумите релевантни за деловната политика на банкарските субјекти во пазарно ориентираните стопанства пазарните економии.

Во ова истражување основна цел што си ја поставив е да ја разоткријам и да ја следам суштината на сите фактори што се релевантни за рационално и оптимално организирање и водење на деловната политика на банкарските организации во пазарните економии со посебен осврт на Република Македонија.

За да ја постигнам поставената цел и да одговорам на отворените прашања, како нужност се наметна предметот на истражување. главно, да ги опфати следниве подрачја :

1. разоткривање и елаборирање на теоретските аспекти на банките во современото банкарство, при што се дава кратка ретроспектива на развитокот и карактеристиките на банкарските системи во одделни пазарни и пазарно ориентирани економии и нивната организираност.

2. конкретната поврзаност и условеност меѓу деловната политика на деловните банки и карактеристиките на општествено политичкиот и економскиот систем на одделни земји, при што направив компаративна анализа на успешноста или неуспешноста во водењето на деловната политика;

3. Кратка ретроспектива на еволуцијата на банкарски

систем на деловните банки и деловната политика во повоениот на поранешна Југославија и нивното влијание врз стопанскиот развој на земјата;

4. комплексната и динамична анлиза на успешноста на концепирањето и остварувањето на деловната политика на деловните банки во Република Македонија, од аспект на нивната организациона поставеност. Најнапред се дава критички осврт на досегашната организациона поставеност и ефикасност на деловните банки во република Македонија, а одделно се истражува водењето на деловната политика во услови на висока инфлација, висока стапка на задолженост и континуирана неликвидност и инсолвентност;

5. предмет на истражувањето се и карактеристиките на деловните банки што сега работат во Република Македонија и какви деловни банки се потребни, за на крајот да се даде модел на деловна политика на деловните банки во Република Македонија во пазарни услови на стопанисување.

Раководејќи се од основниот мотив за истражување, како и од предметот на истражувањето дојдов до заклучок дека целите на истражувањето во овој труд, би можел да ги систематизира на следниов начин :

1. да се проучи еволуцијата и суштината на банките и банкарските системи:

2. да се разоткријат карактеристиките и разликите при концепирањето и остварувањето на деловната политика на деловните банки, во зависност од специфичностите на општетствено

- економскиот и политичкиот систем на одделни земји;

3. Да се даде критички осврт на конципирањето и остварувањето на деловната политика на деловните банки во поранешна Југославија, особено во периодот на договорната економија;

4. Да се понудат решенија за оптимална организација на банкарскиот систем во Република Македонија како и за рационално и поефикасно водење на деловната политика. Посебно да се разоткрие каузалната поврзаност и условеност меѓу правилата и критериумите во водењето на деловната политика на банките и нивното влијание врз структурата и стопанскиот развој во Републиката. Во овој контекст нема да биде изоставена улогата на централната банка.

Методолошкиот приод, како инструментариум за проучување на предметот на овој труд, целосно ќе биде прилагоден на карактеристиките и природата на истражувачката проблематика. Во таа смисла, најпрвин, ќе биде направен теоретски пристап на општите поими и претпоставки, а потоа ќе се настојува, со помош на дедуктивниот и индуктивниот метод да се дојде до одделни сознанија за состојбата, односите и промените на испитуваната проблематика.

Исто така, заради поцелосно истражување на поставените цели и задачи сепаратно ќе се врши квалитативна анализа со помош на методите на апстракција, конкретизација, класификација и компарација. Ова, пак, значи дека по пат на компарација, односно квантитативно споредување на определени

состојби, појави и големини, ќе се врши согледување на проучуваната проблематика во различни временски периоди и различни подрачја од дејствувањето на банките, како во нашата Република така и во другите земји во светот. На тој начин ќе се утврдат релативните предности на одделни теоретско - методолошки и организациони приоди при конципирањето и остварувањето на деловната политика на банките во пазарните стопанства.

Респектирајќи го целосно вака замислениот методолошки приод се определив компонзицијата на истражуваната проблематика покрај воведот и заклучокот, да биде поделена во четири дела. Првиот дел под наслов Теоретски аспекти и практични искуства за развитокот и организираноста на банките во современото банкарство, најпрвин нуди кратка ретроспектива на развитокот на банките и банкарските системи, а потоа во него се опфатени карактеристиките и организираноста на банките и банкарските системи во развиените пазарни економии. Овде особено е нагласена и меѓузависноста на бнкарските системи со општествено - економските карактеристики на одделни земји.

Вториот дел од дисертацијата ги обработува теоретско - методолошките проблеми во врска со остварувањето на деловната политика на деловните банки во современите банкарски системи. Тука најпрвин се дава одговор на прашањето што е деловна политика на деловните банки во современи услови на стопанисување. Исто така, се истражуваат факторите и принципите кои ја детерминираат таа политика.

Истражувањето продолжува со елаборирање на деловната политика на деловните банки во услови на неликвидност на стопанството и изразитата инфлација.

Во третиот дел од докторскиот труд се истражуваат теоретските основи и практичните искуства во врска со конципирањето и остварувањето на деловната политика на деловните банки во поранешна Југославија, со посебен осврт во Република Македонија.

Централен дел од истражувањето претставува четвртиот дел на дисертацијата кој се однесува на конципирањето и остварувањето на деловнат политика на деловните банки во Република Македонија во трансформираниот стопански систем.

Проучувањето на оваа проблематика се однесува најнапред на монетарното осамостојување на Република Македонија, при Што централно место зазема формирањеот на централна банка како монетарна институција, а потоа се врши осврт на паричната единица (денарот), како и на карактеристиките на системот на емисија на пари. Во овој дел од трудот посебно се истражува трансформацијата на банкарскиот систем и деловните банки во Република Македонија, при што се анализираат општествено економските и политичките причини за транасформирање, а на крајот се согледани основните карактеристики на трансформираните деловни банки и трансформиранта деловна политика.

Завршниот дел од трудот го третира поставувањето на моделот на современи и ефикасни банки на Република Македонија, а пред се, во него се нуди модел за конципирање и остварување на ефикасна деловна политика на деловните банки.